-Во ставка ПРИХОДИ :

– позиција 4 „Средства од Буџетот на општината – даноци„ вредноста од 34.694.000 денари СЕ МЕНУВА со вредност од 35.194.000 денари.

Вкупната вредност на ПРИХОДИ од 166.494.000 денари се заменува со вредност од 166.994.000 денари.

2. Во Глава –ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ПО МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

- Во УЗ „ Киро Крстев„ после позиција 7 се додаваат две позиции 8 и 9 :
  Позиција 8 „ ул„М Џ Цико„ -санација на потпорен зид, вредност 300.000 денари;
  Позиција 9 „ Лазо Асијата „-изградба на потпорен зид , вредност од 200.000 денари.
  Вкупната вредност во УЗ„Киро Крстев„ се менува од 12.200,000 денари на вредност од 12.700.000 денари;

- **ВКУПНИОТ РЕКАПИТУЛАР за глава -** ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ПО МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ **се менува од вредност со 83.900,000 денари на вредност од 84.400,000 денари.**

3. **Во СЕВКУПЕН РЕКАПИТУЛАР позиција 1 -** ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ПО МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ **износот од 83.900,000 денари се менува на вредност од 84.400,000 денари.**
   **Вкупниот износ на СЕВКУПНИОТ РЕКАПИТУЛАР се менува од вредност 166.494.000 денари на вредност од 166.994.000 денари.**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во“Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр. 08- 3116/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.06.2016 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изменување и дополнување Програмата за развој на Општина Кавадарци за 2016 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување Програмата за развој на Општина Кавадарци за 2016 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 16.06.2016 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-3251/17**
**21.06.2016 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 16.06.2016 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
**за измена и дополнување на Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2016 година**

I. Во Програмата за Локален екомонски развој на општина Кавадарци за 2016 година бр.08-6119/14 од 29.12.2015 се врши следната измена и дополнување :

- Во точката 1. Економски развој –Рурален развој после проектот„ Проширување на локален пат до с.Бохула-Крњево, на крајот на текстот по точката се додава нов текст кој гласи „Реконструкција и адаптација на локален пат од м.в Ладно Долче до с.Крњево”. Основната цел на овој проект е реконструкција и адаптација на локалниот пат од м.в Ладно Долче до с.Крњево во должина од 530 метри, како пат со голема важност за поврзување на селата: Страгово, Крњево, Чемерско,

Бохула, Горна и Долна Бошава. За комплетно завршување на патот останува да се реализира последната фаза од 770 метри должни.

- Вкупната сума на проектот изнесува 3 248 892 денари. Од страна на Бирото за регионален развој одобрени се финансиски средства во висина од 751 167 денари, додека останатите 2 497 725 денари се сопствено учество на општина Кавадарци согласно Одлука на Совет бр.08-1995/4 од 20.04.2016 година.

II.Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

III. Ова Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во службен гласник на општина Кавадарци.

**Бр. 08- 3116/17** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.06.2016 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за отпис на основни средства донесена од Училишниот Одбор на СОУ Гимназија„Добри Даскалов" Кавадарци бр.188/1 од 07.06.2016**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за отпис на основни средства донесена од Училишниот Одбор на СОУ Гимназија„Добри Даскалов" Кавадарци бр.188/1 од 07.06.2016, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 16.06.2016 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-3251/18** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.06.2016 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** — **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 16.06.2016 година , донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност**

**на Одлуката за отпис на основни средства со арх.бр.188/1 од 07.06.2016 година донесена на училишен одбор**

**на СОУ Гимназија ,, Добри Даскалов,, Кавадарци**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за отпис на основни средства со арх.бр.188/1, донесена на седница на донесена на училишен одбор на СОУ Гимназија ,, Добри Даскалов,, Кавадарци од 07.06.2016 година .

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во “Службен Гласник на Општина Кавадарци” .

**Бр. 08- 3116/18** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.06.2016 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Република Македонија
ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА "ДОБРИ ДАСКАЛОВ"
Бр. 05-188/1
07.06. 20 16 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 34 и 35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, член 89 од Законот за средно образование, член 95 од Статутот на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци, и Извештајот од Комисијата за попис на информатичка опрема со број 05-181/3 од 06.06.2016 година, Училишниот одбор на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци на седницата одржана на 07.06.2016 година донесе

**ОДЛУКА**
За отпис на основни средства

**Член 1**

Со оваа одлука се врши отпис на дел од информатичка опрема сопствсеност на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци.

**Член 2**

Отписот и расходувањето на дел од информатичката опрема се врши на прелог на Комисија за вршење на попис на информатичка опрема поради нивна дотраеност и неупотрбливост.

**Член 3**

Се врши отпис на основни средства и тоа:

| Тип на опрема | Количина | Набавна вредност | Вкупно амортизација | Сегашна вредност | Година на набавка |
|---|---|---|---|---|---|
| Куќишта Кина | 19 | 916441 | 916441 | 0 | 1998 |
| Монитори Кина | 19 | 292482 | 292482 | 0 | 1998 |
| Принтер Јетко | 1 | 36908 | 36908 | 0 | 2003 |
| Принтер Jet3000 | 1 | 27581 | 27581 | 0 | 2003 |
| Компјутер „Riversoft“ | 5 | 160352 | 160352 | 0 | 2005 |
| Принтер Ласер 1010 | 1 | 12572 | 12572 | 0 | 2005 |
| Компјутер „Кариерен центар“ | 2 | 73436 | 73436 | 0 | 2008 |
| Скенер ХП-2400 | 1 | 5367 | 5367 | 0 | 2008 |
| Куќишта Haier | 23 | 534313 | 534313 | 0 | 2008 |
| Монитори Haier | 121 | 1173337 | 1173337 | 0 | 2008 |
| ВКУПНО: | | 3232789 | 3232789 | 0 | |

**Член 4**

Оваа одлука ќе се применува по добивање на согласност од Совет на Општина Кавадарци.

Дата:
07.06.2016 год

Претседател на Училишен одбор
Блаже Велков,

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за концесија**
**за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за концесија за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 16.06.2016 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-3251/19** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.06.2016 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** — **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 17 и член 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство(„Сл.весник на РМ" бр.6/2012,144/2014 и 33/2015), член 36став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 16.06.2016 година донесе

**О Д Л У К А**

**За изменување и дополнување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за концесија за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за концесија за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци бр.08-1995/30 од 20.04.2016 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.44/16), се врши следната измена и дополнување:

- Во член 5 после став 1 се додава нов став 2 кој гласи :

„Видот на средствата и опремата за вршење концесиска дејност (спецификација на опремата) од став 1 алинеја 2 на овој член и нивната вредност ги определува понудувачот и се предмет на техничката понуда на понудувачот.

- Во член 8 после став 3 се додава нов став 4 кој гласи :

„Се задолжува Комисијата од став 1 на овој член да ги вгради одредбите од оваа одлука при изготвувањето на тендерската документација и спроведувањето на постапката за доделување на договорот".

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08- 3116/19** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**16.06.2016 година** | **Претседател,**

**Кавадарци** | **м-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање на согласност**
**на Одлуката за продажба на расходовани средства со арх.бр.02-238/4 од 01.04.2016 година донесена на Управен Одбор**
**на ЈП„Комуналец” Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање на согласност на Одлуката за продажба на расходовани средства со арх.бр.02-238/4 од 01.04.2016 година донесена на Управен Одбор на ЈП„Комуналец” Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 16.06.2016 година.

Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-3251/20**
**21.06.2016 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 16.06.2016 година , донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност**
**на Одлуката за продажба на расходовани средства со арх.бр.02-238/4 од 01.04.2016 година донесена на Управен Одбор**
**на ЈП„Комуналец” Кавадарци**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за продажба на расходовани средства со арх.бр.02-238/4 од 01.04.2016 година донесена на седница на Управен Одбор на ЈП„Комуналец” Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во “Службен Гласник на Општина Кавадарци” .

**Бр. 08- 3116/20**
**16.06.2016 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

02-258/4
05.04.16

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатиа (Сл. весник на РМ број 38/96,9/07, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013 и 41/2014 ) и член 22 од Статутот на ЈП Комуналец – Кавадарци , Управниот одбор на седницата на ден 01.04.2016 год ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За продажба на расходовани возилата**

Член 1

ЈП Комуналец Кавадарци, согласно Извештајот за извршениот попис за 2015 година заведен под бр.02-213/2 од 24.03.2016 година, ќе изврши продажба на следните расходовани возила:

- **ВИБРО ВАЉАК** двојно вибрационен ваљак, моќност на мотор 88 KV со производство од 1982 година
- **ПОЛОВНО ТОВАРНО ВОЗИЛО ФАП КИПЕР** со бр.на шасија: 52784 ,год.на производство: 1975 .
- **ТЕРЕТНО ВОЗИЛО ЗАСТАВА ВЕ 468 ЈЗ** со идентификационен бр.на мотор:1789910 год.на производство: 1983 година.
- **ЦИСТЕРНА ФАП ВЕ 402 ЈВ** со бр.на шасија: 22068
- **АВТОСМЕЌАРКА ФАП ВЕ 849 КГ (Самоподигач)** со бр.на шасија: 94144, год.на производство: 1983.
- **БУЛДОЖЕР ТИП КАСЕ 450 ПОЛОВЕН**

Член 2

По извршената процена на истите од овластен проценител, ќе се утврди нивната почетна цена и начинот на нивната продажба, дали ќе се продаваат како старо железо или како половни возила.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на давањето на согласност од страна на Советот на Општина Кавадарци.

ЈП Комуналец - Кавадарци
Управен одбор
Претседател
/Дипл.метал.инж. Златко Ѓорчев/

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на**
**Буџетот за 2016 година на Општински Сојуз на Борците Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за усвојување на Буџетот за 2016 година на Општински Сојуз на Борците Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 16.06.2016 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-3251/21**
**21.06.2016 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(“Сл.весник на РМ”бр.5/02), и член 82 став 1 точка 56 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), расправајки по Буџетот за 2016 година на Општински Сојуз на Борците Кавадарци, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 16.06.2016 година , го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. СЕ УСВОЈУВА Буџетот за 2016 година на Општински Сојуз на Борците Кавадарци.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр. 08- 3116/21**
**16.06.2016 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

## Предлог - Буџет

## На Општински Сојуз на борците –Кавадарци за 2016 година

Во текот на 2016 година согласно програмата планирани се следните програмски активности за кои се потребни финансиски средства :

1.За одбележување на значајни настани и личности....................50.000,00 ден.

2.Електрична енергија :

- за приклучок........................................................................25.000,00ден.

3.За комунални услуги ...........................................................10.000,00ден.

4. За ПТТ- услуги , месечна претплата ...................................8.000,00ден.

5.За затоплување на просториите (плински боци)........................5.000,00ден.

6.За канцелариски материјали ..................................................3.000,00ден.

7.За одржување на просториите ..............................................6.000,00ден.

8.За користење на моторни возила и цвеќе ...........(од локална Самоуправа)

Вкупно :107.000,00 ден.

| Претседател на надзорен одбор | Секретар на СЗБ | Претседател на СЗБ |
|---|---|---|
| Ѓорѓи Јанков | Илија Браов | Атанас Златев |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2016 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2016 година , донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 16.06.2016 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-3251/22** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.06.2016 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.05/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Службен гласник на Општина Кавдадарци”бр.8/2005), и Записник од Комисијата за финансии и буџет бр.08-3103/2 од 15.06.2016 година, Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 16.06.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2016 година**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства во вкупен износ од 30.000,00 денари на ООМБУ "Лазо Мицев Рале" од Кавадарци, за учество на ученици од класата по флејта на Меѓународен натпревар во Ваљево,Р. Србија.

Член 2

Финансиските средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2016 година на ООМБУ "Лазо Мицев Рале" на следната сметка:

- 732010831178719, приходна шифра 723119 Програма 006

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр. 08- 3116/22**
**16.06.2016 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

**Исправка на техничка грешка во** Одлуката за давање согласност на Одлуката за поставување на антена бр.02-41/4 од 12.06.2015 година на Управен Одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти"Мито Хаџи Василев-Јасмин" Кавадарци донесена од Совет на општина Кавадарци бр. 08-3227/10 од 09.07.2015 година објавена во Службен Гласник на Општина Кавадарци бр.34/15, се врши исправка на техничка грешка и тоа во насловот на Одлуката и во член 1 од истата датумот 12.06.2015 година се заменува со датум 15.06.2015. година